# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година**

## Член 1

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14), во членот 11 став (3) зборовите: „површини за градење на градби без определени градежни линии" се заменуваат со зборовите: "површини за градење на градби со определени градежни линии".

## Член 2

Во членот 32 став (1) по зборовите: „здравствената заштита," се додаваат зборовите: „социјалната заштита,".

## Член 3

Во членот 36 став (1) по зборовите: „органот надлежен за заштита на животната средина," се додаваат зборовите: „органот надлежен за здравствената заштита, органот надлежен за социјалната заштита, органот надлежен за образованието, "

Во ставот (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а до органот надлежен за здравствената заштита доколку во планскиот опфат има градби со намена здравствена заштита, до органот надлежен за социјалната заштита доколку во планскиот опфат има градби со намена социјална заштита и до органот надлежен за образованието доколку во планскиот опфат има градби со намена образование и наука и градби со намена групно домување во функција на образование.".

Во ставот (3) по зборовите: „дали е постапено по нивните забелешки и предлози дадени во текот на јавната анкета," се додаваат зборовите: „органите надлежни за здравствената заштита, социјалната заштита и образованието се должни да дадат мислење дали се почитувани стандардите и нормативите за градбите со намена здравствена заштита, односно социјална заштита односно образование и наука,".

## Член 4

Во членот 52 ставот (1) се менува и гласи:

„Проект за инфраструктура е урбанистичко-проектна документација којашто се изработува за линиски инфраструктурни објекти утврдени со Законот за градење, за функционални делови од инфраструктурни објекти како и за инфраструктурни објекти составени од повеќе делови од кои најмалку еден дел претставува линиска инфраструктура, во случаите кога трасата на линискиот инфраструктурниот објект не е утврдена во урбанистички план од членот 7 точка 2 од овој закон. Со проектот за инфраструктура може да се врши и изменување и дополнување на делови од претходно одобрен проект за инфраструктура."

Во ставот (3) зборовите: „услови за планирање на просторот" се заменуваат со зборовите: „извод од Просторен план".

## Член 5

Одредбата од членот 27 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14) ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 6

Членот 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14) ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.
Постапката за донесување на урбанистичко-планската документација за градби од посебен интерес до денот на влегувањето во сила на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 199/14 ) ќе се спроведува во писмена форма.

**Член 7**

Постапката за одобрување на планска програма за урбанистичките планови и урбанистичко-плански документации, за која е поднесено барање за одобрување до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се спроведе согласно со одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 8**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".